УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“-ШТИП
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

UDC 80 (82)

ISSN 1857-7059

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# 2023
# YEARBOOK
# 2023

ГОДИНА 14
БРОЈ 21

VOLUME 14
NO 21

GOCE DELCEV UNIVERSITY - STIP
FACULTY OF PHILOLOGY

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# 2023
# YEARBOOK
# 2023

ГОДИНА 14
БР. 21

VOLUME XIV
NO 21

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF PHILOLOGY

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

**За издавачот:**
проф. д-р Луси Караниколова -Чочоровска

**Издавачки совет**
проф. д-р Дејан Мираковски
проф. д-р Лилјана Колева-Гудева
проф. д-р Луси Караниколова -Чочоровска
проф. д-р Светлана Јакимовска
проф. д-р Ева Ѓорѓиевска

**Редакциски одбор**

проф. д-р Ралф Хајмрат – Универзитет од Малта, Малта
проф. д-р Неџати Демир – Универзитет од Гази, Турција
проф. д-р Ридван Џанин – Универзитет од Едрене, Турција
проф. д-р Стана Смиљковиќ – Универзитет од Ниш, Србија
проф. д-р Тан Ван Тон Та – Универзитет Париз Ест, Франција
проф. д-р Карин Руке Бритен – Универзитет Париз 7 - Дени Дидро, Франција
проф. д-р Роналд Шејфер – Универзитет од Пенсилванија, САД
проф. д-р Кристина Кона – Хеленски Американски Универзитет, Грција
проф. д-р Златко Крамариќ – Универзитет Јосип Јурај Штросмаер, Хрватска
проф. д-р Борјана Просев-Оливер – Универзитет во Загреб, Хрватска
проф. д-р Татјана Гуришиќ-Беканович – Универзитет на Црна Гора, Црна Гора
проф. д-р Рајка Глушица – Универзитет на Црна Гора, Црна Гора
доц. д-р Марија Тодорова – Баптистички Универзитет од Хонг Конг, Кина
доц. д-р Зоран Поповски – Институт за образование на Хонг Конг, Кина
проф. д-р Елена Андонова – Универзитет „Неофит Рилски“, Бугарија
м-р Диана Мистреану – Универзитет од Луксембург, Луксембург
проф. д-р Зузана Буракова – Универзитет „Павол Јозев Сафарик“, Словачка
доц. д-р Наташа Поповиќ – Универзитет во Нови Сад, Србија

проф. д-р Светлана Јакимовска, проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска,
проф. д-р Ева Ѓорѓиевска, проф. д-р Махмут Челик, проф. д-р Јованка Денкова,
проф. д-р Даринка Маролова, проф. д-р Весна Коцева, доц. д-р Надица Негриевска,
доц. д-р Марија Крстева, доц. д-р Наталија Поп Зариева, проф. д-р Игор Станојоски,
проф. д-р. Лидија Камчева Панова

**Главен уредник**
проф. д-р Светлана Јакимовска

**Одговорен уредник**
проф. д-р Ева Ѓорѓиевска

**Јазично уредување**
м-р. Лилјана Јовановска (македонски јазик)
доц. д-р Сашка Јовановска (англиски јазик)
доц. д-р Наталија Поп Зариева (англиски јазик)

**Техничко уредување**
Славе Димитров

**Редакција и администрација**
Универзитет „Гоце Делчев“-Штип
Филолошки факултет
ул. „Крсте Мисирков“ 10-А п. фах 201, 2000 Штип
Република Северна Македонија

# YEARBOOK
# FACULTY OF PHILOLOGY

**For the publisher:**
Prof. Lusi Karanikolova-Cocorovska, PhD
**Editorial board**
Prof. Dejan Mirakovski, PhD
Prof. Liljana Koleva-Gudeva, PhD
Prof. Lusi Karanikolova-Cocorovska, PhD
Prof. Svetlana Jakimovska, PhD
Prof. Eva Gjorgjievska, PhD

**Editorial staff**

Prof. Ralf Heimrath, PhD – University of Malta, Malta
Prof. Necati Demir, PhD –University of Gazi, Turkey
Prof. Rıdvan Canım, PhD – University of Edrene, Turkey
Prof. Stana Smiljkovic, PhD – University of Nis, Serbia
Prof. Thanh-Vân Ton-That, PhD – University Paris Est, France
Prof. Karine Rouquet-Brutin PhD – University Paris 7 – Denis Diderot, France
Prof. Ronald Shafer PhD – University of Pennsylvania, USA
Prof. Christina Kona, PhD – Hellenic American University, Greece
Prof. Zlatko Kramaric, PhD – University Josip Juraj Strosmaer, Croatia
Prof. Borjana Prosev – Oliver, PhD – University of Zagreb, Croatia
Prof. Tatjana Gurisik- Bekanovic, PhD – University of Montenegro, Montenegro
Prof. Rajka Glusica, PhD – University of Montenegro, Montenegro
Ass. Prof. Marija Todorova, PhD – Baptist University of Hong Kong, China
Ass. Prof. Zoran Popovski, PhD – Institute of education, Hong Kong, China
Prof. Elena Andonova, PhD – University Neofilt Rilski, Bulgaria
Diana Mistreanu, MA – University of Luxemburg, Luxemburg
Prof. Zuzana Barakova, PhD – University Pavol Joseph Safarik, Slovakia
Ass. Prof. Natasa Popovik, PhD – University of Novi Sad, Serbia

Prof. Svetlana Jakimovska, PhD, Prof. Lusi Karanikolova-Cocorovska, PhD,
Prof. Eva Gjorgjievska, PhD, Prof. Mahmut Celik, PhD, Prof. Jovanka Denkova, PhD,
Prof. Darinka Marolova, PhD, Prof. Vesna Koceva, PhD, Prof. Nadica Negrievska, PhD,
Prof. Marija Krsteva, PhD, Prof. Natalija Pop Zarieva, PhD, Prof. Igor Stanojoski, PhD,
Prof. Lidija Kamceva Panova, PhD

**Editor in chief**
Prof. Svetlana Jakimovska, PhD

**Managing editor**
Prof. Eva Gjorgjievska, PhD

**Language editor**
Liljana Jovanovska, MA (Macedonian language)
Prof. Saska Jovanovska, PhD, (English language)
Prof. Natalija Pop Zarieva, PhD, (English language)

**Technical editor**
Slave Dimitrov

**Address of editorial office**
Goce Delcev University
Faculty of Philology
Krste Misirkov b.b., PO box 201
2000 Stip, Republic of Nort Macedonia

# СОДРЖИНА
# CONTENTS


## *Книжевност / Literature*

**Јованка Денкова**
РОМАНОТ „СРЕДБА ВО ОСАМЕНАТА КУЌА“ ОД ПЕТРЕ ДИМОВСКИ
– КАКО КРИК ЗА ПОГОЛЕМА СВЕСНОСТ И ПРЕТПАЗЛИВОСТ
**Jovanka Denkova**
THE NOVEL “MEETING IN THE LONELY HOUSE”
BY PETRE DIMOVSKI - AS AN OUTCRY OF YOUNG PEOPLE FOR
GREATER AWARENESS AND CAUTION ........ 9

**Мерал Шехаби-Весели, Лулјета Адили-Челику**
БИБЛИЈАТА КАКО ИНТЕРТЕКСТ ВО ДЕЛОТО
„ТАТКОТО МУСА ГОЛ“ НА ЧАЈУПИ
**Meral Shekabi-Veseli, Luljeta Adili-Cheliku**
THE BIBLE AS AN INTERTEXT IN THE WORK
BABA MUSA LAKURIQ BY ÇAJUPI ........ 19

**Марија Леонтиќ**
ПОЕТСКИТЕ КНИГИ НА ФЕРИД МУХИЌ
**Marija Leontik**
FERID MUHIC’S POETRY BOOKS ........ 31

**Маријана Ѓорѓиева**
РЕЛИГИОЗНИТЕ АСПЕКТИ ВО ГЕРМАНСКОЈАЗИЧНАТА
ЕКСПРЕСИОНИСТИЧКА ПОЕЗИЈА
**Marijana Gjorgjieva**
THE RELIGIOUS ASPECTS OF GERMAN LANGUAGE
EXPRESSIONIST POETRY ........ 43

## *Култура / Culture*

**Софија Иванова, Ана Витанова-Рингачева**
ВОДАТА И КАМЕНОТ КАКО СИМБОЛИ ВО НАРОДНАТА
ТРАДИЦИЈА НА СВЕТИ НИКОЛЕ И СВЕТИНИКОЛСКО
**Sofija Ivanova, Ana Vitanova-Ringacheva**
WATER AND STONE AS SYMBOLS IN THE FOLK TRADITION
OF THE TOWN SVETI NIKOLE AND THE SURROUNDING AREA........ 57

**Маријана Ѓорѓиева**
СОЦИОЛОГИЈАТА И РЕЛИГИЈАТА
**Marijana Gjorgjieva**
SOCIOLOGY AND RELIGION ........ 73

## *Јазик / Language*

**Билјана Ивановска, Гзим Џафери**
НЕОЛОГИЗМИ ВО СОВРЕМЕНИОТ ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК
ПРЕКУ ПРИМЕРИ ОД ДИГИТАЛНИОТ РЕЧНИК OWID
**Biljana Ivanovska, Gëzim Xhaferri**
NEOLOGISMS IN MODERN GERMAN PRESENTED
BY THE DIGITAL DICTIONARY OWID ........................................................................ 89

**Ana Koceva**
THE VARIABILITY OF LINGUISTIC POLITENESS ..................................................... 99

## *Методика на наставата по јазик / Language teaching methodology*

**Марија Гркова-Беадер**
ЗНАЧЕЊЕТО НА МЕТОДИТЕ ВО НАСТАВАТА ПО СТРАНСКИ ЈАЗИК
**Marija Grkova-Beader**
THE IMPORTANCE OF METHODS IN FOREIGN LANGUAGE TEACHING........ 109

**Emin Idrizi**
TEACHERS’ KNOWLEDGE AND INCORPORATION OF THE
21ST CENTURY SKILLS IN LANGUAGE TEACHING ............................................ 119

## *Преведување / Translation*

**Лидија Таушански, Даринка Маролова**
ПРАВНИТЕ АКТИ ВО ПРЕВОДОТ ОД МАКЕДОНСКИ НА
ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК
**Lidija Taushanski, Darinka Marolova**
LEGAL ACTS TRANSLATED FROM MACEDONIAN
TO GERMAN LANGUAGE ........................................................................................... 133

**Меги Димова, Даринка Маролова**
ПРИМЕНА НА ПРЕВЕДУВАЧКИ ПОСТАПКИ ВО МАКЕДОНСКИОТ
ПРЕВОД НА НОВЕЛАТА „МАЛИОТ ГОСПОДИН ФРИДЕМАН“ ОД
ТОМАС МАН
**Megi Dimova, Darinka Marolova**
APPLICATION OF TRANSLATION PROCEDURES IN THE
MACEDONIAN TRANSLATION OF THE NOVELLA LITTLE
HERR FRIEDMANN BY THOMAS MANN ................................................................ 143

УДК: 316.253:2-12
Original research paper
Оригинален научен труд

# СОЦИОЛОГИЈАТА И РЕЛИГИЈАТА

**Маријана Ѓорѓиева**[1]
[1] Филолошки факултет „Блаже Конески“
marijanagjorgjieva@hotmail.com

**Апстракт**: Целта на овој труд е истражување на поимот на религијата од аспект на социологијата. Социологијата на религијата го набљудува заемното влијание на религијата и на општеството, однесувањето на религиозниот поединец во другите сфери на неговото однесување во општеството, како и социјалните конституции на религиозните групирања и организации.

Во овој труд се анализираат теоретските религиозни согледувања на социолозите Емил Диркем и Никлас Луман. За Диркем, религијата ја наоѓа совршената форма за сопствената реализација во општеството. Таа, според него, претставува начин човекот да излезе од сопствената изолираност, да им се приближи на другите луѓе, а можноста за тоа му ја дава општеството. Затоа тоа за него е изворот на религиозниот живот, општеството е универзална и вечна причина за развојот на религиозните искуства. Во своите анализи Никлас Луман ја утврдува религијата како социјален факт и комуникативен настан и ја набљудува како систем што во својата околина е опкружен со други општествени системи и е во меѓусебно влијание со нив.

**Клучни зборови**: *социологија, религија, општество, Бог, човек*

# SOCIOLOGY AND RELIGION

Marijana Gjorgjieva[1]
[1] Faculty of Philology Blaze Koneski - Skopje
marijanagjorgjieva@hotmail.com

**Abstract**: The goal of this paper is to explore the concept of religion from a sociological perspective. Sociology of religion observes the mutual influences of religion and society, the behavior of the religious individual in other spheres of his behavior in society, as well as the social constitutes of religious groupings and organizations.

The theoretic religious insights of the sociologists Émile Durkheim and Niklas Luhmann are analyzed in this paper. For Durkheim, religion finds the perfect form for personal realization in society. According to him, it represents a way for humans to come out of isolation and come closer to other people, and its possibility is given by society. That is why it is the source of religious life; society is a universal and eternal reason for the development of religious experiences. In his analyses Niklas Luhmann establishes religion as a social fact

and communicative event, and observes it as a system whose environment is surrounded by other societal systems that are mutually influencing.

**Key words:** *sociology, religion, society, God, human*

## Комплексноста и полиморфноста на поимот „религија“

Како исклучително комплексен и повеќеслоен феномен, за поимот „религија“ постојат повеќе дефиниции, во коишто меѓу другото се среќаваат укажувања дека со поимот се означува „GottesfurchtÒ [„богобојазност“] (*Der Brockhaus in zehn Bänden*, Band 8, 2005, стр. 5163) или, пак, „deos colere“ [„почитување на боговите“] (Drechsen, 1988, стр. 1050). Понатаму, се среќава значењето „Wiederverbindung des Menschen mit Gott“ [„Повторно спојување на човекот со Бог“] (Waldenfels, 1987, стр. 531) или, пак, „sorgfältige Verehrung der Götter“ [„грижливо почитување на боговите“] (ibid). Сепак, и покрај различните формулации на значењата на поимот, може да се констатира заеднички елемент во објаснувањата, а тоа е релацијата, поврзаноста на човекот со бог/богови, при што човекот покажува бојазност спрема него/нив, почит, односно обожавање. Значи, правењето разлика меѓу сферата на човекот и на Бог е една од темелните одредници на значењето на поимот „религија“.

Верата на човекот во Бог е суштински составен дел на поимот „религија“. Тоа е и став на Гео Виденгрен (Geo Widengren), кој, сепак, во дефинирањето на поимот „религија“ наместо „Бог“ го користи поимот „Schicksalsbestimmer“ [„одредувач на судбината“] (ibid). Емил Диркем (Émile Durkheim), пак, воопшто и не го користи поимот „бог“, туку како основа за религиозното мислење ја смета поделбата на светот на две сфери: на светото и на профаното. (спореди со: ibid.) За Мирча Елијаде (Mircea Eliade) главниот составен дел на религијата е искусувањето дека светото се открива во профаното и го употребува поимот „Hierophanie“ [„хиерофанија“] со којштo го означува „dieses paradoxe Zusammenfallen beider Sphären“ [„ова парадоксално поклопување на двете сфери“] (Waldenfels, 1987, стр. 532). Историјата на религиите, според него, се состои од низа хиерофании и тоа почнувајќи од елементарни манифестации на светото во некој предмет, па с до врвната хиерофанија, односно отелотворувањето на Бог во човек во христијанството (ibid).

За социологот Петер Л. Бергер (Peter L. Berger) религијата е „das Unterfangen des Menschen, einen heiligen Kosmos zu errichten.“ [„потфат на човекот да создаде свет космос“] (ibid), а Томас Лукман (Thomas Luckmann), исто така социолог, смета дека религијата во најшироки рамки е „das, was den Menschen zum Menschen werden läßt.“ [„тоа што го прави човекот човек.“] (ibid). На тој начин Лукман го утврдува човекот како религиозно суштество и смета дека не може да се замисли општество без религија.

Во дефинициите на поимот „религија“, освен со бог, богови и „светото“, среќаваме и поврзаност на човекот со „heiliger Wirklichkeit“ [„светата стварност“] (Galling, 1986, стр. 962), со „Wirklichkeit des Heiligen“ [„стварноста на светото“]

(Bertelsmann Universal Lexikon, 2004, стр. 769), односно со „TranszendentemÒ [„трансцендентното“] (*Der Brockhaus in zehn Bänden*, Band 8, 2005, стр. 5163). Таа средба, контакт или релација го одредува понатаму однесувањето на човекот во практичниот живот.

Наведуваме уште некои можности за дефинирање на поимот. Религијата се сфаќа како „System von GlaubensaussagenÒ [„систем од верски искази“] (Bertelsmann Universal Lexikon, 2004, стр. 769), „Phänomen des menschlichen Geistesleben“„феномен на духовниот живот на човекот“] (Galling, 1986, стр. 987), односно како „Gesamthaltung, die ’Seele eines Lebenssystems‘“ [„целокупен став, душата на еден животен систем‘“] (ibid, стр. 988).

Евидентна е комплексноста на поимот „религија“, како и невозможноста да се најде усогласување за тоа што точно значи овој поим. Тоа се должи на постоењето на многуте разновидни религии во историјата на човештвото како и на длабоката испреплетеност и меѓусебната зависност на областа на религијата со повеќе области од човековото постоење, како антропологија, историја, етнологија, социологија, филозофија итн. Исто така, како на следен фактор за непостоење на усогласеност при интерпретациите на поимот „религија“, упатуваме на природата на релацијата којашто овој поим ја содржи во себе, на човекот со Бог, со светото или со трансцендентното и на нивните онтолошки разлики. Човекот не може да даде емпириски докази за постоењето на Бог. Човекот од една страна како материјално суштество се раѓа и умира, тој е ограничен во временскопросторната даденост во овој свет, со што иманентни категории на неговата егзистенција се минатото, сегашноста и иднината. Бог, светото, трансцендентното од друга страна, пак, е духовно суштество, коешто постои надвор од просторновременската условеност, затоа е бесмртен (спореди со Krings, 1973, стр. 615) и нему не му се иманентни трите временски категории. Наспроти човекот, кој е несовршен, променлив, релативен и кој постојано настанува, се наоѓа Бог, кој е совршен и е „der Inbegriff der Vollkommenheit“ [„олицетворение на совршенството“] (Klaus, G. und Buhr, M., 1965, стр. 214), непроменлив и апсолутен. Така Рајнер Марија Рилке (Rainer Maria Rilke) во едно писмо до г. Капус (Kappus) од 23 декември 1903 година го опишува Бог со прашањето: „Warum denken Sie nicht, dass er der Kommende ist, der von Ewigkeit her bevorsteht, der Zukünftige, die endliche Frucht eines Baumes, dessen Blätter wir sind?“ [„Зошто не мислите дека Тој е оној, кој доаѓа, кој претстои отсекогаш, идниот, крајниот плод на едно дрво, чии лисја сме ние?“] (Rilke, 2013, стр. 121). Сепак, и покрај разликите во согледувањата на суштината на поимот „религија“, можеме да утврдиме дека различните обиди за дефинирање на поимот ги исполнуваат своите функции, односно отвораат различни религиозно-теоретски прашања и перспективи. Во многуте дефиниции може да се најдат сличности, односно константи коишто во најголема мера се приближуваат до семантичкото јадро на овој поим. Христијанската религија како универзална монотеистичка религија, во најопшти рамки ја дефинираме како поглед на свет што е условен од верата во троединиот Бог. Религиозната концепција учествува во создавањето на идентитетот на поединецот и ги одредува неговите постапки и начин на однесување во животот. Поради комплексноста на поимот „религија“,

кој не е само предмет на теолошки разгледувања, туку со него се занимаваат и други науки, ќе ги разгледаме неговите позиционирања и аспекти во рамки на социолошката научна дисциплина.

**Социологијата на религијата**

Социологијата на религијата го упатува фокусот на внимание на заедницата, на општеството. Во овие поширoки рамки религијата се смета за важна движечка сила којашто учествувала во конституирањето на свеста на човештвото и којашто имала есенцијално влијание во развојот на неговата културна, политичка и духовна историја. Социологијата на религијата е дел од социологијата; таа, врз основа на емпириски истражувања се занимава со социолошко-културните контексти на животот со посебен интерес за погледите на свет на религиозните луѓе, за институциите во чии рамки се манифестира религиозната вера и за однесувањето на луѓето кои имаат религиозни погледи на светот. (спореди со референцијата „Социологија на религијата", во Hillmann, 1994, стр. 732–733)

За разлика од другите науки кои се занимаваат со религијата, предмет на интерес на социологијата на религијата понатаму се прашањата какво е заемното влијание на религијата и на општеството и како тие сфери дејствуваат една на друга на нивниот развој, потоа какво е религиозно фундираното однесување на поединецот во релација со другите сфери на неговото однесување во општеството. Оваа наука ги истражува и социјалните конституции на религиозните групирања и организации и во тие рамки ги разгледува односите меѓу религиозната вера и начинот на нејзино прикажување во религиозната симболика и ритуализација, посебно во т.н. „Kirchlichkeit" [„црковност, црковна суштина"] (Hillmann, 1994, стр. 732), како и односите на „црковноста" со структурата и развојот на другите организации во општеството. И на крајот, социологијата на религијата се заложува да ги утврди функциите на религијата и тоа на оние кои му помагаат на човекот, како дел од социјалната структура, да дојде до дефинирање на смислата на постоењето, на нормативните и на интегративните функции на религијата како за социјалните контексти, така и за општествените структури воопшто. Притоа таа, исто така, се интересира и за значењето на функциите на религијата како фактор во појавувањето на социјалните конфликти.

Социолошкото толкување на религијата зависи од аспектот на анализата. Од една страна, интерпретацијата може да следува од аспект на културно-антрополошкото стојалиште. Според овој аспект, функцијата на религијата е да дава одговори на тешките прашања на човекот, како што е смртта, несреќата итн., односно на прашања кои го загрозуваат постоењето на општеството, на проблеми со кои човекот се конфронтира во својот живот како единка и како дел од социјалната структура во којашто живее, а кои тој ќе може емоционално да ги прифаќа. Гледано од овој аспект, се набљудува и функцијата на религијата да создава симболи, кои придонесуваат за тоа општеството да станува единствена целина. Овој повеќе идеалистички аспект ја прикажува религијата, меѓу

другото, како причина за постојниот општествен ред и за состојбите во него.

Од друга страна, пак, се наоѓа марксистичкиот идеолошко-критички став, според кој функцијата на религијата е да ги брани, односно затскрива постојните општествени владејачки односи. Во овој контекст религијата се сфаќа како начин за рационализација и идеологизирање на развојот на општествените состојби и интереси.

Социолошките истражувања на религиозните заедници исто така се насочени и на институциите во чии рамки се манифестира религијата. Така, според Хилман, социологијата на религијата ги истражува социјалните законоререности, врз основа на кои се јавуваат верските содржини во црковните структури, но и начинот како тие содржини се чуваат, се негуваат и се шират, односно како тие се адаптираат на промените во другите социјални форми на животот (стр. 733). Нејзиниот интерес, освен тоа, е насочен и кон современите развојни тенденции, така таа се занимава со појавата на дезидеологизација и секуларизација на општеството, го истражува феноменот на активните посетители на религиозните собири, од аспект на родова припадност и на возраст и појавата на „religiöser Passivität“ [„религиозната пасивност“] (ibid). Понатаму, анализите на социологијата на религијата се занимаваат и со позициите на власт на црквата, како и со односите на нејзините цели и нејзините влијанија на правната држава, како и во општеството во целина.

Бидејќи човекот како општествено суштество го споделува својот живот со другите луѓе, овие прашања, кои се однесуваат на природата на религијата и на дијалектичкиот однос меѓу поединецот и групата, биле постојано актуелни. Во проучувањето на потеклото на религиските верувања и практики мора да се земе предвид влијанието на социјалните контексти.

Полскиот етнограф Бронислав Малиновски (Bronisław Malinowski) во рамките на своите социјално-антрополошки истражувања, меѓу другото, настојува да даде одговор на прашањето каде може да се најде потеклото на религијата, дали таа се генерира во рамките на општеството, односно дали религијата е „просто човечка измислица и претпоставка?“ (Боуви, 2009, стр. 1). Или, пак, дали религиозните ставови се манифестација на нешто што е повеќе од тоа што може да го открие науката и се одговор на „надворешни духовни енергии и откровенија?“ (ibid). Малиновски исто така го поставува прашањето дали религијата е универзална или, пак, ја очекува исчезнување поради развојот на технологијата и на човечкиот разум. Во неговите истражувања на примитивното општество, тој доаѓа до заклучок дека за примитивниот човек религијата е „прагматична диспозиција составена, главно, од разум, чувство и волја.“ (Фрејзер, 2009, стр. 133) и дека нејзината функција е утврдување на „одредени свети димензии на општествениот свет“ (ibid, стр. 133–134). Позната негова статија на оваа тема е *Маѓија, наука и релиѓија* (Извадок од овој есеј во: ibid, стр. 151–160) од 1948 година, во која тој претставува извонредни тези за потеклото на религиските обреди, како и за нивното значење за примитивниот човек. Врз основа на своите истражувања, Малиновски заклучува дека религијата „на човекот му дава дар на душевна целосност“ (ibid, стр. 160), бидејќи со нејзините претстави за бесмртноста на душата ја смирува напнатоста

меѓу животот и неизбежната смрт што го очекува човекот. Таа на човекот му овозможува да се спротивстави на „центрифугалните сили на стравот, очајот и деморализацијата“ (ibid) и, имајќи ја неа, тој наоѓа спас од смртта и од уништувачките принципи.

**Теоријата на Емил Диркем**

Францускиот социолог Емил Диркем (Émile Durkheim) се вбројува во основачите на модерната социологија и во своите истражувања на религијата го застапува ставот за нејзината општествена природа, поради што за основа на своите анализи ја зема општествената група и силите кои управуваат со неа. Диркем ја дефинира религијата како „проекција на општествените вредности на општеството.“ (Боуви, 2009, стр. 15). За него религијата е реалност, затоа што нејзините консеквенции се реалност, дури и ако нејзините корени не можат да се откријат лесно, а системот на верувања кои таа ги претставува се лажни. Во општеството религијата наоѓа „совршена форма“ (Фрејзер, 2009, стр. 133) за сопствена реализација.

Клучна студија на Диркем во којашто се занимава со овие прашања е „Елементарни форми на религиозниот живот“ од 1912 година. Во неа тој ја набљудува структурата на најпримитивните и најпростите облици на религиозниот систем и настојува преку откривање на начинот на живот на примитивните народи и нивните религиозни практики да дојде до утврдување на тоа како тие влијаат на религиозната стварност на човекот во цивилизираното општество. Диркем смета дека општеството поседува голема моќ поради што тоа силно влијае врз луѓето. Општеството има силни предиспозиции да го буди во човекот „чувството на божественото“ (ibid, стр. 135), коешто придонесува за тоа тој да стапува во релација со Бог како со принцип на светоста. Диркем вели дека тоа што е Бог за неговите верници, тоа е и општеството за луѓето.

Тој поаѓа од дистинкцијата на индивидуалната и на колективната свест и на нивното заемно влијание и дејствување. Така, природата на општеството е поинаква од индивидуалната природа на поединецот. Општеството си поставува сопствени цели, што не може да ги достигне без ангажирање на луѓето. Затоа тоа по духовен пат ги притиска луѓето и бара од нив да се стават во негова служба, ги принудува да се жртвуваат и откажуваат и ги става во неудобни ситуации, с со цел да функционира социјалниот живот и општеството да опстојува како целина. На тој начин човекот се наоѓа во позиција на принуда да ги следи правилата на однесување и мислење кои му се наметнати од општеството и да му се покорува на неговиот поредок. Човекот се наоѓа во позиција во која чувствува дека општеството му наметнува идеја дека надвор од неговите индивидуални рамки има морални сили од кои зависи самиот тој.

Колективната сила на општеството со нејзината моќ и организираност навлегува во човекот и станува неразделно поврзан дел на неговото битие, со што го зајакнува, издигнува и окрепува поединецот. Така, Диркем наведува различни облици на манифестација на влијанието на општеството врз луѓето, како, на пример, при собири на разни, политички, економски или конфесионални

групации. На таквите собири, се зацврстуваат нивните убедувања и тие се приближуваат едни спрема други. Диркем упатува и на општествени состојби во кои општеството врши поинтензивно и подолгорочно влијание на поединците, кои се карактеристични за револуционерните или творечките епохи, како, на пример, Крстоносните војни или Францускатa револуција. Во ваквите состојби, кои тој ги нарекува „голем колективен потрес“ (ibid, стр. 137), се јавуваат поинтензивни, поактивни и почести социјални интеракции. Тоа се периоди во кои луѓето многу повеќе се здружуваат и се стремат едни кон други за разлика од претходното време, што, пак, како резултат има „еден општ вриеж“ (ibid). Ваквите состојби претставуваат значаен поттик за развој на индивидуалните сили на поединецот, што придонесува за промена на неговиот начин на живот и за промена на неговата личност воопшто.

Диркем смета дека во животот човекот е постојано изложен на влијанија однадвор и кога тој ги извршува своите должности, тогаш стекнува чувство на морална усогласеност со луѓето што го опкружуваат, го исполнува чувство на утеха, на доверба, тој станува храбар и решителен во своите постапки. Покрај овие сили, што ја потхрануваат моралната свест на човекот и неговата морална суштина, Емил Диркем го утврдува и влијанието на силите и методите на традицијата врз поединецот. На тој начин, човекот живее во средина во којашто се присутни различни сили кои влијаат врз човекот и како заповед, но и како помош. Со сите нив човекот е во процес на корелација.

Според Диркем, човекот е во релација со световната и со светата реалност. Човекот и општеството имаат потенцијал да создаваат свети нешта, поаѓајќи од овоземското и обичното. Затоа светото, меѓу другото, се дефинира и како нешто што е „додадено на реалното и е над него.“ (ibid, стр. 143). Овој автор го детектира општеството како реалност, која е „универзална и вечна објективна причина на оние чувства *sui generis* од кои е создадено религиското искуство.“ (ibid, стр. 141). Општеството го извршува своето влијание врз луѓето преку дејство и тоа само ако тие се собираат и ако дејствуваат заеднички. И бидејќи општеството е изворот на религиозниот живот, и во него дејноста се јавува како владејачки фактор. Затоа Диркем го дефинира религискиот живот како „концентриран израз на севкупниот колективен живот.“ (ibid) и ја смета религијата за одговорна за настанување на сето тоа што е клучно во општеството. Тој дури наведува дека во „идејата на општеството“ (ibid) ја гледа душата на религијата.

Според Диркем, човештвото е во добивка од постоењето на религиозните претстави, бидејќи религиозните како духовни сили влијаеле врз создавањето и развојот на моралниот живот на човекот. Авторот се интересира и за прашањето кое е општеството што ја прави основата на религијата, а бидејќи општеството што ја претставува реалноста на човечкиот живот не е совршено, тоа е исполнето со дефекти и недостатоци, во него, освен доброто, е присутно и злото, освен правдата, ја има и неправдата, покрај вистината, владеат и заблуди. Затоа, Диркем прашува како може во едно такво несовршено општество да „побуди чувство на љубов, страстен ентузијазам и дух на самопрегор, кој сите религии го бараат од своите верници?“ (ibid, стр. 142). Целта кон којашто се стремат религиите, е достигнување на такво совршено општество, во коешто би

владеела љубовта, правдата и вистината, во него би немало место за злото. Иако човекот никогаш не искусил живеење во едно такво совршено општество, тој, сепак, мечтае за нешто такво и со тоа си ги олеснува страдањата во реалното несовршено општество. Имајќи ги ваквите цели, коишто се фундаментална категорија на самото човечко битие, човекот ги изразува своите стремежи кон „доброто, убавото и идеалното“ (ibid). Религијата е одлика на реалниот живот и на реалното општество. Таа ги претставува сите негови карактеристики, како обичните така и одбивните. Во реалното општество најчесто се среќава победа на животот над смртта, на принципот на доброто над злото, на светлината над темнината и единствено со ваквиот соодност на овие антагонистички сили се одржува животот.

Човекот стекнал способност за систематската идеализација, тој може да идеализира, да си замислува идеални, возвишени нешта, кои не ги среќава во реалниот свет што го опкружува. За оваа способност на човекот Диркем вели дека е „необична привилегија“ (ibid, стр. 143), но, сепак, таа не е луксуз, туку е услов за самото негово постоење; човекот е човек, бидејќи ја стекнал. Способноста за идеализирање се јавува во поединецот благодарение на влијанието на колективните сили. Тие го будат во човекот религиското мислење, бидејќи го доведуваат во состојба на еуфоричност и на возбуда, во којашто се менуваат условите на психичката активност. Во ваквата состојба на вриеж, се интензивираат и страстите и чувствата на човекот и тогаш се случува неговата лична преобразба, но и преобразбата на околината во којашто тој се наоѓа. Така, тој создава друг идеален свет во својот ум, наспроти реалниот свет. Ваквото создавање на идеалниот свет за Диркем е „неумолив факт“ (ibid, стр. 144) и е „природен продукт на општествениот живот“ (ibid). Општеството влијае врз човекот и во него ја всадува потребата тој да погледне подалеку од реалниот емпириски свет и го оспособува да може да го сфати тој друг идеален свет. Така, „отелотворувајќи се во индивидуата, колективните идеали се стремат да се индивидуализираат.“ (ibid, стр. 145)

Религијата, како производ на општеството, содржи трајни вредности кои го надминуваат поединечното и минливото. Таа на човекот му дава вера, топлина и живот и му овозможува да се воздигне над самиот себе. Религијата, според Диркем, е начин за човекот да излезе од својата изолираност и да им се приближува на другите луѓе, бидејќи стекнувајќи го религиозниот став, тој сака да го сподели со другите и да им го пренесе. Тоа е единствено можно ако дејствува, ако им пристапува на другите и ако им зборува за сопственото убедување. На тој начин му се зацврстува и сопствената вера. Диркем го нагласува значењето на општеството и на неговата творечка моќ, бидејќи тоа во себе ја синтетизира индивидуалната свест на поединецот и нуди уште попространи синтези на свеста на општеството. Тоа предизвикува проширување на хоризонтите, создавање еден повисок живот и на можности за добивање повисока смисла на постоењето. На тој начин се нуди нов аспект за толкување на категоријата „човек“.

### Теоријата на Никлас Луман

Никлас Луман (Niklas Luhmann) е германски социолог, кој се смета за еден од најзначајните претставници на теоријата на системот (Systemtheorie). Во неговите дела: *Функцијата на религијата* [*Funktion der Religion*] и *Религијата на општеството* [*Die Religion der Gesellschaft*] тој се занимава со истражувања на религијата од различни аспекти.

#### *Функцијата на религијата*

Во делото *Функцијата на религијата*, Луман го истражува овој општествен феномен користејќи ги теоретските сознанија од различните подрачја на општествените науки, односно ја користи функционалната теорија на социјалните системи. Врз нејзина основа тој ја истражува религијата од аспект на нејзината *функција* во општеството; нејзината *догматика* во рамките на општествената еволуција; понатаму ги испитува трансформациите на *контингенцијата* во нејзиниот социјален систем; *секуларизацијата*, односно состојбата на општествената околина во која функционира религискиот систем и *организацијата* на религиските системи во конкретни форми на функционирање. (спореди со Luhman, 1977, стр. 7).

Утврдувањето на функцијата на религијата, според Луман, е комплексен процес, бидејќи во него се вклучуваат и други општествени институции, процеси и механизми кои покажуваат еквивалентни функционални форми, а кои нудат поинакви решенија на проблемот, од решението коешто го дава религијата. Тој не го прифаќа пребрзиот начин за утврдување на функцијата на религијата преку соодносот со светото, нуминозното, ниту, пак, се сложува со дотогаш постојните сфаќања за тоа дека религијата има интегративна и интерпретирачка функција. Притоа, нагласуваме дека, според овој автор, религијата и во историски рамки била, а и во денешното модерно општество е една од најголемите причини за конфликти меѓу луѓето (Luhmann, 2000, стр. 121). Луман зазема еден подистанциран став во анализата на овој феномен, притоа користејќи термини што се релевантни за религијата, а произлегуваат од сознанијата за проблематизирањето на функцијата на религијата од другите теоретски подрачја. Така, тој доаѓа до својата цел воочувајќи ја религијата во поопшти рамки, односно прави разлика меѓу систем и околина и во нив ги набљудува процесите што се развиваат, а со коишто се создава смисла.

Појдовната теза на Никлас Луман за религијата е дека таа е систем. Градењето на секој систем претпоставува создавање некоја структура што се гради со слободно комбинирање елементи. Во овој процес системот ги означува сопствените граници, со кои се одвојува од околината што го опкружува. Структурата на системот може да се сфати единствено во релација со неговата околина, односно мора да се земе предвид постоењето на шемата: „внатре“ – „надвор“. Притоа Луман укажува дека релацијата на системот кон околината се заснова на принципот на индетерминација. Во околината на секој систем

се образуваат многу други системи и затоа тој ја квалификува околината како покомплексна од системот. Околината за системот е „Horizont und Transzendenz, Erwartung und Enttäuschung, Selektion und Risiko, Ordnung und Zufall.“ [„хоризонт и трансцендентност, очекување и разочарување, селекција и ризик, ред и случајност.“] (Luhmann, 1977, стр. 13–14). Благодарение на ваквиот карактер на околината, во системот се јавува интерес за неа, доаѓа до влијанија, поправки и процеси на учење, така што системот доаѓа до саморефлексија и до сфаќање на самиот себе како „System-und-Teil-der-Umwelt-anderer-Systeme“ [„систем и дел од околината на другите системи“] (ibid, стр. 17). По пат на селекција системите примаат информации од околината и на тој начин ја разбираат неа. Системите како комплексни структури користат стратегии за објективизирање на околината. За системот околината секогаш е нешто друго, нешто што не е јас. Во секој диференциран систем постојат три вида системски односи: односот на системот со натсистемот на којшто му припаѓа (религија – општество), којшто се означува како *функција*, односите со другите системи во околината – *дејство* и односот со самиот себе – *рефлексија* (ibid, стр. 55).

Во рамки на неговите анализи на психичките и социјалните системи кои создаваат смисла, Луман го дефинира терминот „смисла“ како „eine besondere Form der Reduktion von Komplexität“ [„посебна форма на редукција на комплексноста“] (ibid, стр. 20). Како таква форма, смислата е универзален термин што не може да се негира (бидејќи самото негирање на смисла би имплицирало создавање на смисла), таа е категорија којашто се однесува на системот и истовремено го претставува и тоа што е можно и тоа што е вистинито. Употребата на смисла го создава светот и како севкупен хоризонт, во којшто се воспоставуваат релации меѓу системот и неговата околина, но и како меѓу околината со самата себе. Во доживувањата и постапките кои имаат смисла повеќе се апрезентира отколку што се репрезентира. Терминот „апрезентација“ Луман го презема од феноменологијата на Хусерл. Тој термин се однесува и на предмети и на активности на свеста и означува дека кога се набљудува нешто, се перципира таа страна на нештото којашто се презентира, но истовремено се замислуваат и неговите други невидливи страни. Така, ако гледаме куќа од нејзината предна страна, истовремено се апрезентира и нејзината странична, односно задна страна, и се прави целосна слика за неа.

Психичките и социјалните процеси на комуникација овозможуваат затворање на бесконечната апрезентација на нештата преку „selbstreferentielle Identifikation“ [автореференцијална идентификација] (ibid, стр. 23) и „Repräsentation“ [репрезентација] (ibid).

Според Луман, задачата на религијата како систем е да ја трансформира комплексноста на околината од нешто што не може да се определи/одреди во нешто што ќе биде определено/одредено, односно да го репрезентира тоа што се апрезентира. Тој смета дека кога се зборува за функцијата на религијата, мора да се земат предвид „Außen – und Innenhorizonte sozialer und personaler Systeme“ [надворешните и внатрешните хоризонти на социјалните и на персоналните системи] (ibid, стр. 32), што се наоѓаат во меѓусебна корелација. Религијата како систем и адресат стапува во комуникација со другите подрачја од општеството,

затоа општеството што ја диференцира религијата како потсистем, мора да наоѓа можности за нејзина интеграција во него, како и во другите потсистеми во околината. Функцијата на религијата како социјален систем има општа општествена функција и е во релација со околината на општествениот систем. Системот на религијата има функција да биде адресат на комуникација со другите системи во општеството, кои имале религиозни искуства, односно искуства кои покажале дека животот има друга смисла.

Системот на религијата ја извршува својата функција преку системот на религиозна комуникација, што се нарекува црква. Црквата го има „den funktionalen Primat des Religionssystems.“ [„функционалниот примат на религискиот систем“] (ibid, стр. 57). Дејствата што може да ги презема системот на религијата, а кои се од полза за другите општествени потсистеми, Луман ги нарекува „Diakonie“ [„дијаконија“] (ibid). Под овој термин тој подразбира перципирање на социјално-структурните проблеми во персонализирана форма и помош во нивно решавање. Дејствата, пак, што ги презема системот на религија за персоналните системи се нарекуваат „Seelsorge“ [„душогрижништво“] (ibid). За рефлексијата на религискиот систем, односно за набљудувањето на сопствениот идентитет, е надлежна теологијата.

Комуникацијата меѓу општествените системи е клучна за нивното генерирање и за меѓусебното влијание и на неа се гледа како на средство за приближување, запознавање и редефинирање на сопствениот идентитет на секој систем одделно.

### *Религијата на општеството*

Наспроти традиционалното социолошко сфаќање на религијата што поаѓа од начинот на кој човекот ја толкува религијата, Луман во ова дело го застапува ставот дека социологијата на религијата за појдовна основа на своите анализи наместо човекот треба да го зема терминот на „комуникацијата“ и да ја замени антрополошката центрираност со теориите на општествените науки. За социологијата на религијата, религиите се „soziale Tatsachen oder soziale Formen“ [„социјални факти или социјални форми“] (Luhmann, 2000, стр. 14). И овде Луман го нагласува значењето на комуникацијата како примарна операција во социјалните системи и ја дефинира религијата како „kommunikatives Geschehen“ [„комуникативен настан“] (ibid, стр. 40), во којшто се случуваат процеси на свеста. Свеста, имено, е фундаментална за реализација на комуникацијата. Религијата комуницира со другите социјални системи за религиозни теми и за нивната смисла, односно за ентитети што се сметаат за реалност, па затоа тие се предмет на интерес на социологијата на религијата.

Сите религии ја проблематизираат смртта како едно од основните искуства во животот на човекот. Смртта е проблем, којшто за сите психички и социјални системи означува истовремено „sicheres Wissen und sicheres Nichtwissen“ [„сигурно знаење и сигурно незнаење“] (ibid, стр. 51). Во однос на ова прашање религијата, наспроти другите социјални системи, како, на пример медицината, правото, осигурителните компании, статистиките, нуди смисла на смртта,

којашто е поврзана со живот по телесната смрт, со постоење на ритуали и религиозни практики. Со тоа таа ја исполнува својата функција да дава форми во медиумот на смислата.

Во своите истражувања Луман го идентификува кодот на религијата (под „код" тој подразбира „ein strikt binärer Schematismus" [„стриктно бинарен шематизам"] (ibid, стр. 65)) како правење разлика меѓу „иманенција" и „трансценденција". Користењето на оваа бинарна шема тој го оправдува поради постоењето на „Realitätsverdoppelung" [„удвојување на реалноста"] (ibid, стр. 58) во религиозната комуникација, кога на нештата или на настаните коишто произлегуваат од реалниот свет им се додава посебно значење, се надополнуваат со посебни, други обележја. Притоа Луман укажува дека иманенцијата е обележје за позитивна вредност, а трансценденцијата за негативна вредност, но позитивното не е подобро од негативното, туку тие, како вредности, наоѓаат единство во кодот и се претпоставуваат една со друга. Случувањата во реалниот свет добиваат религиозна смисла благодарение на трансценденцијата. Трансцендентноста постои само поради постоењето на реалниот, иманентен свет, таа сама по себе не постои, но отвора поле за создавање религиозна комуникација и за пречекорување граници. Ова единство во кодот на религијата меѓу иманенцијата и трансценденцијата произлегува од диференцирањето на близината и оддалеченоста, земјата и небото, што, пак, понатаму генерира други бинарни парови како светото и сакралното, човекот и Бог итн. Сето тоа станува реалност во процесите на комуникација и придонесува религијата како функционален систем да се разликува од останатите потсистеми во општеството.

Луман упатува и на постоењето на голема сегментарна издиференцираност и во рамките на самиот систем на религијата во модерното општество. Денес се забележува голема разновидност и мноштво религии во светот, постојат различни религии, култови, спиритуалистички движења. За Луман тоа е социјален факт со кој „Gerade auf diese Weise erfüllt das Religionssystem unter modernen Bedingungen die evolutionäre Funktion der Restabilisierung." [„Токму на овој начин религискиот систем во модерни услови ја исполнува еволутивната функција на рестабилизација"] (ibid, стр. 273) и се потврдува дека религијата постои и понатаму.

## Заклучок

Социологијата на религијата ја утврдува природата на религијата како општествен феномен, и ги наведува нејзините функции. Врз основа на теоретските анализи на Емил Диркем и Никлас Луман можеме да заклучиме дека се потенцира фундаменталното значење на општеството за генерирање на религијата и за постоењето на религиозниот живот во неговите облици на манифестација. Така, за Диркем религијата е „проекција на општествените вредности на општеството", а за Луман таа е „социјален факт" и „комуникативен настан". Значењето на резултатите од анализите на религијата од аспект на социологијата на религијата е што ја напуштаат антрополошката центрираност на анализата и заземаат еден подистанциран став во нивните набљудувања.

Несомнен е фактот дека човекот во својот персонален свет или ја доживува или не ја доживува религијата, ја практикува или не, но тој е социјално суштество, па затоа социологијата на религијата ја користи оваа метода на дистанцирање од човекот како единка и негово набљудување во поопштите рамки на групата, на општеството. Така, додека Диркем зборува за индивидуалната и за колективната свест, Луман зборува за религијата како систем што во својата околина е опкружен со многу други системи. Од нивните заемни влијанија се диференцира тоа што ја сочинува религијата и се дефинираат нејзините функции, а се нудат и значајни хоризонти за нејзини толкувања. Затоа на прашањето: „Ob die Soziologie die Religion erschlagen hat?" [„Дали социологијата ја уби религијата?"] (Поглавје со овој наслов во: Holl, 1995, стр. 1–17), можеме да дадеме одречен одговор. Напротив, со анализите на религијата социологијата нуди нови аспекти што придонесуваат за редефинирање и ново детерминирање на идентитетот на овој феномен.

Секако дека во социологијата на религијата постојат и други релевантни теоретичари коишто се занимаваат со оваа тема. Неизбежно мора да го спомeнеме Макс Вебер (Max Weber), чии истражувања на религијата спаѓаат во едни од најзначајните во оваа област. Во неговото дело *Собрани сйиси за социолоїијаѿа на релиїијаѿа* тој дава типолошки приказ на историските реалности на светските религии од аспект на економскиот и етичкиот став. Вебер исто така упатува на условеноста на религискиот начин на живот од „економских и политичких момената унутар датих географских, политичких, социјалних, националних граница" [„економските и политичките моменти во рамки на дадените географски, политички, социјални, национални граници"] (Вебер, 1997, стр. 195) и ги детерминира религиските организации како заедници „које имају власт" [„кои имаат власт"] (Вебер, 1997, стр. 218).

Мирча Елијаде исто така е важен теоретичар на социологијата на религијата, кој, меѓу другото, е автор на делото *Свеѿоѿо и свеѿовноѿо*, во кое настојува да ги истражи „специфичните категории на религиозната егзистенција од архаичен и традиционален тип" (Елијаде, 2013, стр. 7) и да го нагласи „длабокото значење на религиозната егзистенција" (Елијаде, 2013, стр. 6). Во своите анализи тој поаѓа од спротивставувањето на двете категории „световно" и „свето" и го воведува веќе споменатиот термин „хиерофанија", што означува манифестација на свети реалности во профаната реалност.

Социологијата на религијата се конфронтира и со актуелни проблеми што ја засегаат религијата, а се однесуваат на прашањата за светска интеграција, за спречување глобални војни и за чување на природните услови за живот на човекот. Се настојува да се следат и тенденциите за екуменско приближување како на христијанските цркви, така и на сите религии во светот.

**Библиографија**

**По азбучен редослед**

[1] Боуви, Ф. (2009). *Анѿройолоїија на релиїијаѿа. Вовеg*, Скопје: Табернакул.
[2] Вебер, М. (1997). *Сабрани сйиси о социолоїији релиїије (Том I, II,*

*III),* Сремски Карловци, Нови Сад: Издавачка књижарница Зорана Стојановића.
[3] Елијаде, М. (2013). *Светото и световното*, Скопје: Слово.
[4] Фрејзер, Е. М. (уредник) (2009). *Теми во религијата*, Скопје: Табернакул.

**По абецеден редослед**

[1] Bertelsmann Lexikon Institut (Hrsg.) (2004). *Bertelsmann Universal Lexikon*, Gütersloh/München: Wissen Media Verlag GmbH.
[2] *Der Brockhaus in zehn Bänden*, (2005). Band 8 (Rein-Sor), Lepizig: F.A.Brockhaus GmbH.
[3] Drechsen, V.; Häring, H.; Kuschel, K-J. und Siemers, H. (Hrsg.). (1988). *Wörterbuch des Christentums,* Zürich: Benziger, Gütersloher Verl.-Haus Mohn.
[4] Galling, K. (Hrsg.) (1986). *Die Religion in Geschichte und Gegenwart*. Handwörterbuch für Theologie und Religionswissenschaft, Fünfter Band: P-Se, Tübingen: J.C.B.Mohr (Paul Siebeck).
[5] Hillmann, K.-H. (1994). *Wörterbuch der Soziologie,* Stuttgart: Alfred Kröner Verlag.
[6] Holl, A. (1995). *Religionssoziologie. Materialien und Texte zur politischen Bildung*. Band 8, Wien: ÖBV Pädagogischer Verlag.
[7] Klaus, G. und Buhr, M. (1965). *Philosophisches Wšrterbuch.* Leipzig: Veb Bibliographisches Institut.
[8] Krings, H.; Baumgartner, H. M.; Wild, Christoph (Hrsg.) (1973). *Handbuch philosophischer Grundbegriffe*, Studienausgabe Band 3, Gesetz-Materie, München: Kösel-Verlag.
[9] Luhmann, N. (1977). *Funktion der Religion*, Frankfurt am Main: Suhrkamp Verlag.
[10] Luhmann, N. (2000). *Die Religion der Gesellschaft*, Frankfurt am Main: Suhrkamp Verlag.
[11] Rilke, R. M. (2013). *Gesammelte Werke*. Köln: Anaconda Verlag GmbH.
[12] Waldenfels, H. (Hrsg.) (1987). *Lexikon der Religionen*. Phänomene – Geschichte – Ideen, Freiburg. Basel. Wien: Verlag Herder.

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ГОДИШЕН ЗБОРНИК 2023

